Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и петнаесеттатаседница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

# З А П И С Н И К
## од Сто и петнаесеттатаседница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 декември 2022 година

Седницата започна во 12:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање,м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Реџаиљ Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија им-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 105-та, 107-та, 110-та и 111-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 1, 13, 16 и 20декември 2022 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Доброволно противпожарно друштво Свети Николе и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на граѓани Доброволно противпожарно друштво „Бајрам Мифтари“-Скопје

2. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за склучување на Анекс 5 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со предлог-одлуки

3. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

4. Информација во врска со службеното гласило-печатена и електронска форма и базата на прописи на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија

5. Информација во врска со потребата од набавка на нов деловен простор за потребите на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија

6. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со анализа за текот на предметите кои се однесуваат на надомест за експроприран имот заради основање на ТИРЗ Тетово

7. Барање во врска со недостатокот на средства за кофинансирање на проектот „Авантура преку границите“ од страна на Јавна установа Национален парк Пелистер-Битола

8. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (Аеродром Аџитепе)

9. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Фудбалски стадион КП бр. 19554/7)

10. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (Стадион КП бр. 19554/1)

11. Годишен извештај од работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година, Извештај на раководството за финансиски извештаи за 2021 година со завршна сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2021 година, со Извештај од независните ревизори и предлог-одлуки

12. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ на Казнено-поправна установа Затвор-Тетово, со Предлог-одлука

13. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

14. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај и Предлог-одлука за покривање на загубата на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки

15. Информација за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, по скратена постапка

18. Предлог на закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва (*)

20. Предлог на закон за нуспроизводи од животинско потекло (*)

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена А4-времено сместување, КО Башино Село, Општина Велес, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на пристапен пат од локален пат за с.Нежилово до КП 1560, КО Нежилово, Општина Чашка, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јулијана Спасиќ, ул. „Душан Ќириќ“ бр.15, Росоман, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.04/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

26. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во периодот 3 јуни 2022 година-30 септември 2022 година

27. Информација за одржување на Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција

28. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со Предлог-решение

29. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с.Мали Влај, Општина Струга, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лондон, Скопје, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лејквју ресорт-Отешево, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Де Кока-Скопје, со Предлог-решение

33.Информација за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар, Охрид, со Предлог-решение

34. Информација за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог-решение

35. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година

36. Информација во врска со барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со реф.бр. 80

37. Информација во врска со Барањето на согласност за пренос на уделите во „Гравис хидро“ ДОО Гостивар, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена 84, МХЕЦ Пена 85, со Предлог-одлука

38. Информација за поништување на Планска програма за изработка на Државна урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центар на автопат Демир Капија-Смоквица, КО Милетково, Општина Гевгелија

39. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат-регионален пат Р2252, делница: Врска Р1202-граница со Република Косово (Луково Поле), по барање и предлог на Општина Маврово и Ростуше, со Предлог-одлука

40. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип

41. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре, Куманово

42. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

43. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци

44. Предлог-одлука за задолжување на Општина Гевгелија со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје

45. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенатор Македонија“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Браќа Ѓиноски“ бр.220, Гостивар

46. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-10090/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услугиГМК-Технологија ДООЕЛ с. Косел Охрид

47. Информација за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-7094/1 склучен на 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Гинекаликс ДООЕЛ Скопје

48. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1967 на Советот од 17 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да’еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив

49. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана

50. Предлог-одлука за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

51. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кровна покривка на објект во СУГС „Орце Николов“, Град Скопје

52. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со Предлог-решение

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Иднина Скопје

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на Основното училиште „Наим Фрашери“, с.Неготино-Полошко)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Мехмет Дерала“, с.Градец-Врапчиште)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Сали Лиси“, с.Добри Дол)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (ОУ „Врапчиште“, с.Врапчиште, Врапчиште)

58. Предлог на закон за дополнување на Законот за платниот промет, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

59. Предлог на закон за изменување на Законот за данок на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

60. Барање за давање на автентично толкување на членовите 1, 8 и 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/15 и 45/15), поднесено од пратеникот Хусни Исмаили

61. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.105/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21, став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21)

62. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од член 22, став 3, алинеја 2 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“бр. 45/02 и 31/03)

63. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „и 2“ и член 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22)

64. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за право на првенство на купување на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 155/885 идеален дел од КП бр.4463/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр. 2353 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 256/370 идеален дел од КП бр. 4463/3, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр.96012

65. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот на КП бр. 12541, КО Центар 1, евидентирано во Имотен лист бр.52991, викано место/улица „Ст. Цветковски“

66. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100213, за КО Центар 1 на КП бр.3408 викано место/улица „154“

67. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3079, за КО Центар 1 на КП бр.12447 викано место/улица „Охридска“

68. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92977, за КО Ѓорче Петров-6, КП бр.9718

69. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел одКП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, евидентирано во Имотен лист бр.76602, недвижен имот-земјиште кое претставува 1/3 идеален дел од КП бр.5866/1, КО Кисела Вода 2, евидентирано во Имотен лист бр.118124 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 2/6 идеален дел од КП бр.5866/2, КО Кисела Вода 2, евидентирано во Имотен лист бр.49276

70. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот-земјиште кое претставува 155/262 идеален дел од КП бр.652 КО Бутел, евидентирано во Имотен лист бр.1040

71. Понуда од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк“, со дополнување

72. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50097 за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, на КП бр.678/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 6“

73. Понуда од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2216, за КО Негорци, на КП бр.4112, викано место/улица „Село“

74. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.935 за КО Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр.6882/1, викано место/улица бул. „Партизански одреди“

75. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16598 за Штип 1, на КП бр.1276/4, викано место/улица „Пребег“

76. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.509 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.570/2 викано место/улица „Брест“

77. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Записник за прва усна јавна продажба, одржана на 12 декември 2022 година и Заклучок за втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 29 декември 2022 година, доставен под И.бр.573/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 37211 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец

78. Налог за извршување по член 166 од Законот за извршување со Записник за продажба на недвижност со усна јавна продажба и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.573/22-1, врз основа на кој се определува втора продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот кој се наоѓа на КП бр. 4022/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентиран во Имотен лист бр.619

79. Кадровски прашања

80. Прашања и предлози

81. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2021 година

82. Информација за статусот на реализација на проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и ЦИТЕС“

83. Информација за враќање на прераспределени капитални расходи кај буџетските корисници од централната власт кои заклучно со 15.11.2022 година оствариле над 70% реализација на капиталните расходи согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, со прегледи за реализација

84. Извештај за реализација на одобрени средства согласно Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија под број 41-7523/1 од 30.8.2022 година

85. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за третото тримесечје (од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година), со дополнување

86. Информација со конкретни мерки и активности за надминување на загубата и подобрување на финансиското работење на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес

87. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопнисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година, со прилози

88. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година, со прилози

89. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за финансии-Функции на државата

90. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2023 година

91. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 година

92. Информација од Претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување од адвокатската куќа Орик Херингтон и Сатклиф (Orrick, Herrington &

Sutcliffe) со статус на ad hoc инвестициската арбитражна постапка која се води во Хаг врз основа на арбитражните правила на УНЦИТРАЛ (UNCITRAL) од 1976 година, во предметот Гокул дас Бинани и Маду Бинани како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна со прилог Писмо со предлог за порамнување од 20.12.2022 година, со прилози

93. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со Предлог-одлука

94. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година

95. Информација за продолжување на постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал во 2023 година

96. Информација за реализација на Проектот за реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране

97. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2023 година, со Предлог-одлука

98. Предлог-одлуказа утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година

99. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈУ Детски дом „11 Октомври“-Скопје

100. Предлог-уредба за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија
101. Предлог-уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2023 година

102. Информација за промена на динамика при изградба на пливачки базен во Општина Струмица, Општина Кавадарци и Општина Карпош од „Проектот изградба на 14 пливачки базени“

103. Инвестициона програма за 2023 година, Финансиски план за 2023 година, Програма за работа за 2023 година и План за производство за 2023 година на АД ТЕЦ Неготино-Неготино, со дополнување

104. Информација за потпишување на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата-програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година, со усогласен текст на Меѓународна спогодба

105. Предлог-програма за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година

106. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година

107. Предлог-програма за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година

108. Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година

109. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година

110. Предлог-програма за изменување на Програмата „Здравје за сите“ за 2022 година

111. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година

112. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година

113. Предлог-програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година

114. Информација за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023-декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија

115. Информација за подготовка на Предлог-закон за системот на плати во јавниот сектор

116. Информација за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

117. Информација со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на

економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта Пхарма-АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје

*

*        *

Владата без забелешки ги усвоиЗаписникот од 105-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2022 година, Записникот од 107-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 декември 2022 година, Записникот од 110-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 декември 2022 година и Записникот од 111-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 декември 2022 година

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Доброволно противпожарно друштво Свети Николе.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на граѓани Доброволно противпожарно друштво „Бајрам Мифтари“-Скопје.

**Точка 2**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за склучување на Анекс 5 кон Договорот солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт-АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

2. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата во врска со службеното гласило-печатена и електронска форма и базата на прописи на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, се укажува на сите останати државни институции и се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и Градот Скопје, кои имаат потреба од службено гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена и/или во електронска форма, да се претплатат на истото.

2. Се препорачува на сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и Градот Скопје, кои имаат потреба, да се претплатат на базата на прописи во електронска форма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, наместо на останатите приватни издавачи на бази на прописи.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од набавка на нов деловен простор за потребите на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, да формира работна група со претставници од: Министерството за финансии, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со цел да разгледа соодветно решение и правен основ за реализација на купопродажбата на наведениот деловен простор.

2. Се задолжува Министерството за финансии, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Акционерското друштво за поштенски сообраќај ,,Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, да номинираат свои претставници во работна група од точката 1 и номинациите да ги доставaт до Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, во рок од три дена.
3. Се задолжува Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, да ја координира работата на работната група и за своите заклучоци да ја извести Владата во рок од седум дена од денот на одржаната средба.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со анализа за текот на предметите кои се однесуваат на надомест за експроприран имот заради основање на ТИРЗ Тетово, ја усвои Информацијата и ја

задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да ги преземе сите потребни активности со цел спогодбено решавање на спорот и за истото да ја информира Владата, во рок од три месеци.

**Точка 7**

Владата го разгледа Барањето во врска со недостатокот на средства за кофинансирање на проектот „Авантура преку границите“ од страна на Јавна установа Национален парк Пелистер-Битола и притоа заклучи Министерството за локална самоуправа во рамките на сопствениот буџет за 2023 година да предвиди средства за реализација на Барањето.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (Аеродром Аџитепе).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Фудбалски стадион КП бр. 19554/7).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (Стадион КП бр. 19554/1).

**Точка 11**

Владата по Годишниот извештај од работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година, Извештајот на раководството за финансиски извештаи за 2021 година со завршната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2021 година, со Извештајот од независните ревизори и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за 2021 година.

Истовремено, Владата го задолжи Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје да донесе одлука за употреба на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие во 2021 година, со која 80% од остварениот вишок на средства остварени од работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје ќе се уплати во Буџетот на Република Северна Македонија и потоа да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука за одобрување на истата.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ на Казнено-поправна установа Затвор-Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје на Казнено-поправна установа Затвор-Тетово.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022 година и на Финансиските извештаи за 2022 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2022 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2022 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај и Финансискиот извештај и Предлог-одлука за покривање на загубата на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020 година.

2. Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020 година.

3. Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020 година.

4. Одлуката за покривање на загубата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020 година.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење поради потребата Министерството за економија да достави ново мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да ги усогласи кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Кореспондентната табела со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлогот на закон за нуспроизводи од животинско потекло (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се усогласи со Секретаријатот за законодавство во однос на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и кореспондентните табели.

2. Текстот на Предлогот на закон за нуспроизводи од животинско потекло (*) согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Николче Бабовски, директор во Агенцијата за храна и ветеринарство.

## Точка 21

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на закон член 1, со кој се менува членот 3 од Законот да се дополни со нов став со кој ќе се предвиди, искористувањето на пасиштата во границите на заштитени подрачја да се врши во согласност со Законот за заштита на природата и во соработка со субјектите кои управуваат со заштитените подрачја, при тоа почитувајќи го режимот на заштитените подрачја и плановите на управување.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Нефрус Челику, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена А4-времено сместување, КО Башино Село, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка-планска документација со намена А4-времено сместување, КО Башино Село, Општина Велес.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на пристапен пат од локален пат за с.Нежилово до КП 1560, КО Нежилово, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на пристапен пат од локален пат за с.Нежилово до КП 1560, КО Нежилово, Општина Чашка, со заклучок катастарската парцела бр.1546/2 да изостане од текстот на истата, со оглед на тоа дека оваа катастарска парцела е со незапишано право во катастарот на недвижности, согласно Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности,

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јулијана Спасиќ, ул. „Душан Ќириќ“ бр.15, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.04/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, со заклучок во истото претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да биде Саша Максимовски.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во периодот 3 јуни 2022 година-30 септември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

1.1. На Општина Кавадарци во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 51.397.372,00 денари.

1.2. На Општина Неготино во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 163.486.756,00 денари

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветни предлог-одлуки за парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно заклучокот од точка 1.1 и 1.2.

3. Се укажува на општините Кавадарци и Неготино, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства до Владата и до Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да доставaт детален извештај за распределените средства за настанатата штета.

4. Се укажува на општините од точки 2.1-2.7 (Босилово, Прилеп, Гевгелија, Струмица, Долнени, Градско и Велес) и точки 3.1-3.15. (Кичево, Теарце, Битола, Пехчево, Боговиње, Неготино, Македонски Брод, Охрид, Свети Николе, Кочани, Ресен и Дебрца) од Информацијата, кои во законскиот утврден рок не доставиле комплетна документација, да постапат по забелешките доставени од Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди и да ги комплетираат извештаите согласно со забелешките.

5. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетите по предметите од општините од точки 2.1-2.7 (Босилово, Прилеп, Гевгелија, Струмица, Долнени, Градско и Велес) и точки 3.1-3.15. (Кичево, Теарце, Битола, Пехчево, Боговиње, Неготино, Македонски Брод, Охрид, Свети Николе, Кочани, Ресен и Дебрца) по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање и коригирање на документацијата.

Истовремено, Владата заклучи исплатата на паричната помош за општините Кавадарци и Неготино да биде од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до 15 јануари 2023 година да го усогласи Барањето од турска страна да соработува со Република Северна Македонија во технички области, како што се развој на железничка инфраструктура, дигитализација во железницата, распределба на капацитети, управување со сообраќајот и услуги за обука и консултантски услуги, наведени во точка 7 на Информацијата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до 15 јануари 2023 година да го усогласи Барањето од турска страна да соработува со Република Северна Македонија за учество на градежни и инженерски консултантски услуги, при што укажуваат дека се спремни да преземат инфраструктурни и проекти за надградба, наведено во точка 8 на Информацијата.

3. Се задолжува Министерството за здравство да назначи претставник, кој до 15 јануари 2023 година ќе го усогласи Барањето од турска страна за подготвеност да игра активна улога во изградбата на болници/клиники во Република Северна Македонија и

предлага да се развијат алтернативни методи за комерцијални активности, со потпишување на протоколи преку Интернешнал хелт сервисис инк. (International Health Services Inc.) (USHAŞ) во областа на лековите, медицинските помагала, здравствените информатички технологии, моделите за здравствени инвестиции, наведено во точка 9 на Информацијата.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до 15 јануари 2023 година да го усогласи Барањето од турска страна во областа на животна средина и води, наведено во точка 10 на Информацијата.

5. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт до 15 јануари 2023 година да го усогласите текстот на Меморандум за разбирање за соработка во областа на младите и спортот со турската страна, со можност за негово потпишување за време на одржување на Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с.Мали Влај, Општина Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с.Мали Влај, Општина Струга.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лондон, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лејквју Ресорт-Отешево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Де Кока-Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 33

Владата ја разгледа Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

## Точка 35

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со реф.бр. 80 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр. 11-692/1 од 25.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.1.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за МХЕЦ Караниколос, најмалку до 27.3.2024 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на согласност за пренос на уделите во „Гравис хидро" ДОО Гостивар, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена 84, МХЕЦ Пена 85, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделите од Друштвото за производство на електрична енергија „Гравис хидро" ДОО Гостивар на друштвата „Тинфонс хидро Балкан 1 АС", Нотоден, Норвешка и „Тинфонс АС" Нотоден, Норвешка.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на Планска програма за изработка на Државна урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центар на автопат Демир Капија-Смоквица, КО Милетково, Општина Гевгелија, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да го поништи Решението за услови за планирање на просторот бр. 15-816/2 од 13.2.2015 година и Агенцијата за просторно планирање да ги поништи Условите за планирање на просторот.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат-регионален пат Р2252, делница: Врска Р1202-граница со Република Косово (Луково Поле), по барање и предлог на Општина Маврово и Ростуше, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со сила над 10MW, на КП 86, КП 87, КП 90, КП 94, КП 100/1, КП 100/2, КП 105, КП 106, дел од КП 1/1 и дел од КП 199/1, КО Сушево, Општина Штип.

**Точка 41**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре, Куманово, поради потребата да се направи нова процена на вредноста на деловниот потфат.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Гевгелија со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје.

**Точка 45**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенатор Македонија“ ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Браќа Ѓиноски“ бр.220, Гостивар.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-10090/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ГМК-Технологија ДООЕЛ с. Косел Охрид, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата ГМК-Технологија ДООЕЛ с. Косел Охрид, да испрати писмено известување за раскинување на предметниот Договор, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 1.084.692 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-7094/1 склучен на 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Гинекаликс ДООЕЛ Скопје, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од два дена, да достави известување до Друштвото Гинекаликс ДООЕЛ Скопје дека Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.09-7094/1 склучен 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Гинекаликс ДООЕЛ Скопје, е ништовен, од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) поради што не предизвикува правно дејство.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1967 на Советот од 17 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да’еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за иземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кровна покривка на објект во СУГС „Орце Николов“, Град Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во Министерството за образование и наука за јавна набавка за реконструкција на кровна покривка на објект во СУГС „Орце Николов“, Град Скопје и тоа:
-за реконструкција 464.000 денари со ДДВ во 2022 година и 36.000.000 денари со ДДВ во 2023 година.

2.Го задолжи Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на кровна покривка на објект во СУГС „Орце Николов“, Град Скопје.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“-Скопје.

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на Основното училиште „Наим Фрашери“, с.Неготино, Полошко).

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Мехмет Дерала“, с.Градец-Врапчиште).

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Сали Лиси“, с.Добри Дол).

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Врапчиште“, с.Врапчиште, Врапчиште).

## Точка 58

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за платниот промет, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

По однос на Предлогот на закон за дополнување на Законот за платниот промет по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, со кој се дополнува членот 26 од Законот за платниот промет во насока на допрецизирање на услугите во платниот промет кои носителот на платниот промет се предлага да ги дава без надоместок или со плаќање на провизија од пет денари при готовински уплати со платни инструменти, се укажува дека Законот за платниот промет од 1 јануари 2023 година престанува да важи, поради што предложеното дополнување на истиот е беспредметно.

## Точка 59

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за данок на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа утврди негативно мислење по истиот, со предлог Собранието да не го донесе Законот, бидејќи законското решение што ја уредува оваа материја е веќе донесено од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 60

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 1, 8 и 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/15 и 45/15), поднесено од пратеникот Хусни Исмаили и притоа го утврди следното мислење:

Одредбата од членот 1 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15 и 44/15) гласи:
„Со овој закон се регулира трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа (договор), кои извршуваат работа во органите на државната власт, установите од областа на културата, образованието, здравството, детската и социјалната заштита основани од Република Македонија и единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, заводите, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Македонија (во понатамошниот текст: институции), како и ограничување на периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат со договор“.
Одредбата од членот 1 треба да се толкува така што трансформирањето во работен однос на неопределено работно време се однесува на лица ангажирани за

извршување работа во институциите утврдени во овој член, а се ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор под кој што се подразбира договор за отстапување на привремен агенциски работник, а не се подразбираат договорите за ангажирање на лица на еднократни проекти, особено проекти финансирани од странски извори-донации и заеми.

Одредбата од членот 8 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15 и 44/15) гласи:
„(1) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица.
(2) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело за период подолг од 24 месеци.“

Одредбата од членот 9 од Законот за трансформација во редовен работеноднос („Службен весник на Република Македонија" бр.20/15 и 44/15) гласи:
„(1) По исклучок од членот 8 од овој закон, институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетраење од предвиденото по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.
(2) Институциите при ангажирање на лица со договор на дело чиј надомест е поголем од две просечни нето плати во Република Македонија, исплатени во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Македонија, задолжително треба да обезбедат согласност од Министерство за финансии.“

Со горенаведените членови од Законот за трансформација во редовен работен однос се пропишуваат ограничувањето за периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат за физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело, како и во кои случаи институциите задолжително обезбедуваат согласност од Министерството за финансии за склучување на ваков вид на договори.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби се укажува дека согласно истите не е уредено прашањето какви работни обврски може да им се дадат на лицата ангажирани со ваков вид на договори, дали едно физичко лице може да склучи повеќе договори за ваков вид на ангажман, како и временското ограничување поточно работно време за извршување на задачите на овие ангажирани лица.

Врз основа на претходното изнесеното, се укажува дека одредбите од членовите 8 и 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос се доволно јасни и прецизни и за истите нема потреба од автентично толкување.

Истовремено, Владата укажува дека прашањата кои се поставени за толкување на членовите 1, 8 и 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/15 и 44/15), не се предмет на уредување на овој закон, особено колкаво работно време би имало ангажираното лице и какви работни задачи, што е предмет на договорот за ангажирање, во зависност од видот на истиот и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на овие членови од Законот.

## Точка 61

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.105/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21, став 2 од Законот за даноците на

имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста за член 21, став (2) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), поради, како што наведува подносителот, горенаведената одредба ги става граѓаните во нееднаква положба и се спротивни на член 8, став (1), алинеја 3 и алинеја 10, член 9, став (2) и член 51, став (1) од Уставот на Република Северна Македонија.

Пред сè, треба да се потенцира дека подносителот се повикува на погрешен став во членот 21 од Законот, со оглед на тоа што ставот (2) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) гласи: „(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, даночна основа е цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост“. Конкретниот став на кој подносителот се повикува, согласно текстот на одредбата која се оспорува, е ставот (3) од членот 21 на Законот.

Во врска со наведеното во Иницијативата, Владата информира дека со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) (во натамошниот текст: Законот) се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.
Согласно член 21 од Законот се уредува основата на данокот на промет во неколку случаи и тоа:
(1) Основа на данокот на промет на недвижности е пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанувањето на обврската.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, даночна основа е цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.
(3) При замена на недвижности даночна основа е разликата на пазарните вредности на недвижностите кои се заменуваат.
(4) При пренос на идеален дел на сопственоста на недвижноста, даночна основа е пазарната вредност на идеалниот дел на недвижноста.
(5) При продажбата на недвижноста во стечајна и во извршна постапка, даночна основа е постигнатата продажна цена по пат на јавно наддавање или со непосредна спогодба, доколку по две последователно спроведени постапки на јавно наддавање не е извршена продажба на недвижноста.
(6) При реализирана продажба на недвижен имот во постапка на јавно наддавање спроведена од државни органи и единиците на локалната самоуправа, даночна основа е постигнатата продажна цена во постапката на јавно наддавање.
(7) При продажба на недвижност која во јавните книги на сопственост ќе биде запишана како заедничка сопственост, данокот на промет на недвижности се пресметува и плаќа од страна на сите сопственици на недвижниот имот во еднаков дел.

(8) При продажба на недвижност која во јавните книги на сопственост ќе биде запишана како сосопственост, данокот на промет на недвижности се пресметува и плаќа од страна на сите сосопственици на недвижниот имот сразмерно на нивниот сопственички дел на имотот.
(9) Пазарната вредност се утврдува според Методологијата од членот 5, став (4) на овој закон.

Според член 22 се утврдуваат стапките по однос на данокот на промет на недвижности на начин што:
(1) Стапките на данокот на промет на недвижности се пропорционални и изнесуваат од 2% до 4%.
(2) Висината на стапките од ставот (1) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.
(3) Висината на стапките од ставот (1) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, согласно со Законот за Градот Скопје.

Според член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија го уредува: владеењето на правото.

Во контекст на горенаведеното, изрично се укажува на тоа дека по однос на владеењето на правото како темелна вредност прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за даноците на имот е донесен во потполна усогласенот со Уставот на Република Северна Македонија, како и на тоа дека со донесување на Законот за даноците на имот создаден е механизам кој има за примарна цел да ја подобри фискалната дисциплина на општините и општинската администрација кои се инволвирани во процесот на децентрализација на власта.

Следствено, даноците на имот претставуваат сопствен извор на приходи на единиците на локалната самоуправа согласно членот 4, став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04... и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19).

Дополнително, оспорената одредба во никој случај не задира или го попречува почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право согласно алинеја 11, член 8 од Уставот.

Дополнително, согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Се упатува дека член 21 став (3) од Законот, во никој случај не претставува основа за дискриминација по ниту еден основ од оние кои се пропишани во членот 9 од Уставот. До толку повеќе што Законот исклучиво регулира материја која се однесува на промет на недвижност и плаќање на данок на истиот, како и опфаќање на повеќе ситуации кои настануваат во секојдневието и тоа токму со интенција за избегнување на неплаќањето данок или евентуално изигрување на даночниот систем на Република Северна Македонија.

Имено, по однос на член 21 став (3) од Законот, се смета дека во случај на размена на недвижен имот и плаќање на данок на промет на недвижности на даночната основа

која ја преставува разликата на пазарните вредности на недвижностите кои се дел од размената не треба да се стави во иста корелација со прометот со станбени згради и станови за цели на данокот на додадена вредност.

Според одредбата од членот 4, став (1) од Законот за данокот на додадена вредност кога прометот на добра се врши како надоместок за промет на други добра или на промет на услуги, секој од овие промети се смета за посебен промет на добра или на услуги". Оттука, јасно е дека суштината на прометот и материјата која ја уредуваат Законот за даноците на имот и Законот за данокот на додадена вредност се апсолутно различни.

Законот за даноците на имот се однесува исклучиво на промена на сопственост на недвижен имот, а во конкретниот случај данокот на промет на недвижност се плаќа на недвижност која е веќе стекната и на која веќе е платен данок на промет.

Од друга страна пак, согласно член 25, став (1), точка 9), данокот на додадена вредност се плаќа на првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата, па оттука произлегува дека оспорената одредба од членот 21, став (3) воопшто не го нарушува концептот на промена на сопственоста и концептот на евентуални финаниски загуби на лицата кои разменуваат („трампаат") недвижен имот. Ова дотолку повеќе што во случај кога двајца обврзници за данок на имот разменат две недвижности со иста вредност во суштина никој од двајцата нема остварено капитална разлика на недвижниот имот кој е предмет на размена, а во случај кога не би постоело ослободувањето во член 21, став (3) од Законот за даноците на имот, двајцата даночни обврзници би требало да платат данок на промет на недвижности без притоа никој од истите да нема промена во вредноста на својата недвижност.

Дополнително, се укажува на член 33 од Уставот на Република Северна Македонија со кој се утврдува дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Со членот 51 од Уставот се уредува дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Плаќањето на даноците на имот, согласно Законот за даноците на имот, како што е истакнато и погоре, ја уредува даночната област, а и воедно изворниот, сопствен, приход на единиците на локалната самоуправа, утврдено и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, па така сето ова е во насока на почитување и на член 114 од Уставот со кој на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а истите се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Одредбата која го прецизира начинот на плаќањето на овој вид на даноци, даночните стапки и даночната обврска, дополнително и одат во насока на почитување на владеењето на правото и заштита на сопственоста, ако се има предвид и основата на овој закон кој е и самата сопственост.

Следејќи го ова, одредбите од Законот за даноците на имот дополнително се во потполна согласност со член 51 од Уставот со кој се пропишува дека „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.", се додека истите доследно се применуваат од сите засегнати страни и субјекти.

Врз основа на погоренаведената правна и фактичка состојба, потполно е јасно дека Законот за даноците на имот, не ја оспорува еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, дополнително не прави разлика и не ги дискриминира граѓаните по ниту еден основ. Законот за даноците на имот, дополнително не навлегува во уредувањето на било каква друга материја, односно уредува и регулира исклучиво даночна материја. Ова и во контекст на членот 543 и член 544 од Законот за облигационите односи, каде што договорот за размена е категоризиран како и секој друг договорен однос помеѓу две страни.

Според сето горенаведено, јасна е оправданоста за постоење на одредбите од член 21, став (3) во целост од Законот за даноците на имот, па оттука се укажува на тоа дека Законот за даноците на имот е во потполна согласност со Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

## Точка 62

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од член 22, став 3, алинеја 2 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/02 и 31/03) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите од Иницијативата со кои се оспорува член 22, став 3, алинеја 2 од Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/02 и 31/03), како спротивен на член 8, став 1, алинеи 3 и 11 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, се во целост неосновани.

Имено, во членот 66 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04) е одредбата со која „Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/95, 30/95, 43/95, 23/99, 43/99, 6/02 и 38/03), освен членот 24 кој ќе се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон и Законот за надворешно трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/02 и 31/03)“.

Имајќи го предвид наведеното во членот 66 од Законот за трговија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како неоснована.

## Точка 63

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „и 2“ и член 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22) и притоа го утврди следново мислење:

-Наводите од Иницијативата со кои се оспорува делот „и 2“ од член 22 став 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18 и 27/19), како спротивни на членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, се во целост неосновани.

Наводите од Иницијативата со кои се оспорува членот 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18 и 27/19), како спротивни на членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, се во целост основани.

Членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија го предвидува следното:
„Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се владеењето на правото.“

Членот 22 став 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18, 120/18, 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22) го предвидува следното:

„Продавниците, стоковните куќи, трговските центри (молови), самопослугите, магацините, складовите и деловните простории, зелените пазари, посебните пазари на големо и мало, автоплацевите и бензинските станици, определени во членовите 10, 12, 13, 15 и 16 од овој закон за вршење трговија на големо и мало мора да ги исполнуваат минимално техничките услови, како и други услови пропишани со закон, во зависност од видот и начинот за вршење на трговија.“

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.150/2022) одредбата од членот 22 став 1 на која подносителот на Иницијативата ја оспорува е изменета, и во истата нема дел „и 2“ , поради што Иницијативата е неоснована.

Членот 56 став 1 точка 3 ставови 2, 3, 4 и 5 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18, 120/18, 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22) го предвидува следното:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

3) не утврди и не истакне пазарен ред и не се придржува на пазарниот ред и работното време (член 14 став 3).

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 50 до 100 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 100 до 150 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 150 до 250 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од став 1 на овој член на правното лице и на одговорното лице во правното лице Државниот пазарен инспектор ќе им издаде прекршочен платен налог.

Глобата во прекршочниот платен налог се изрекува на минималниот пропишан износ на прекршокот.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба согласно ставовите 1 и 2 на овој член, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 4 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од став 4 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија.“

Точно е дека со цитираната одредба од членот 56 став 1 точка 3 и став 2 од Законот за трговија се предвидува прекршочна одговорност за правото лице и за одговорното лице во правното лице, доколку не утврди и не истакне пазарен ред и не се придржува на пазарниот ред и работното време (член 14 став 3).

Точно е дека со членот 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија е пропишана прекршочна одговорност за повреда на одредба која не е дел од правниот промет и оттука санкционирањето е беспредметно. Имено, одредбата од член 14 став 3 престанала да важи со стапувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија на зелени пазари („Службен весник на Република Македонија“ бр.27 од 5.2.2019 година).

Оттука, наводите од Иницијативата со кои се оспорува членот 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18 и 27/19), како спротивни на Уставот на Република Северна Македонија, се во целост основани.

Имајки го предвид предходно наведеното, одредбата од членот 22 став 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18, 120/18, 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја отфрли предметната Иницијатива, како неоснована.

Одредбата од членот 56 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 104/15, 129/15, 53/16, 11/18, 120/18, 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја прифати предметната Иницијатива, како основана.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за право на првенство на купување на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 155/885 идеален дел од КП бр.4463/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр. 2353 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 256/370 идеален дел од КП бр. 4463/3, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр.96012 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот на КП бр. 12541, КО Центар 1, евидентирано во Имотен лист бр.52991, викано место/улица „Ст. Цветковски“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100213, за КО Центар 1 наКП бр.3408 викано место/улица „154“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3079, за КО Центар 1 на КП бр.12447 викано место/улица „Охридска“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92977, за КО Ѓорче Петров-6, КП бр.9718 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел од КП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, евидентирано во Имотен лист бр.76602, недвижен имот-земјиште кое претставува 1/3 идеален дел од КП бр.5866/1, КО Кисела Вода 2, евидентирано во Имотен лист бр.118124 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 2/6 идеален дел од КП бр.5866/2, КО Кисела Вода 2, евидентирано во Имотен лист бр.49276 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот-земјиште кое претставува 155/262 идеален дел од КП бр.652 КО Бутел,

евидентирано во Имотен лист бр.1040 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк", со дополнување и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50097 за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, на КП бр.678/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 6" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2216, за КО Негорци, на КП бр.4112, викано место/улица „Село" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.935 за КО Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр.6882/1, викано место/улица бул. „Партизански одреди" и по истата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16598 за Штип 1, на КП бр.1276/4, викано место/улица „Пребег" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.509 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.570/2 викано место/улица „Брест" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 77**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Записник за прва усна јавна продажба, одржана на 12 декември 2022 година и Заклучок за втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 29 декември 2022 година, доставен под И.бр.573/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 37211 за КО

Ѓорче Петров 5-Лепенец и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

**Точка 78**

Владата го разгледа Налогот за извршување по член 166 од Законот за извршување со Записник за продажба на недвижност со усна јавна продажба и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.573/22-1, врз основа на кој се определува втора продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот кој се наоѓа на КП бр. 4022/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентиран во Имотен лист бр.619 и по истиот ги усвои мислењата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

**1.** Владата на Викторио Димовски, разрешен од функцијата директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија му утврди право за остварување плата по престанок на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 15 декември 2022 година до 14 декември 2023 година.

**2.** Владата за вршители на должност членови на Управен одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"-Пробиштип ги именува:

-Васко Златковски
-Тодорче Мишевски
-Тамер Јамаковски
-Панче Стоименовски и
-Ненад Павиќевиќ.

**3.** Владата го именува Аријан Асланај за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата на Киро Северкоски му утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 21.2.2023 година

**5.** Владата донесе Одлука за распишување оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп.

**6.** Владата ја разреши Слаѓана Николова, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова"-Пробиштип, поради постоење на состојба на судир на интереси.

6.1. Владата ја именува Елена Накова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова"-Пробиштип.

**7.** Владата ја разреши Анѓа Блажевска, од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, на нејзино барање поради судир на интереси.

**8.** Владата ја разреши Весна Дамова, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци, на нејзино барање.

8.1. Владата ја именува Цветанка Баштованова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

**9.** Владата утврди престанок на мандат претставници во Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје на:

-Фехари Рамадани
-Исак Шерифи и
-Азви Мустафа.

9.1.Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на албанците-Скопје ги определи:

-Фехари Рамадани
-Исак Шерифи и
-Исмет Кроси.

## Точка 80

**1.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (Програма П).

**2.** Владата по повод одбележувањето на годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Киро Глигоров, ги донесе следниве заклучоци:

1) Владината делегација во состав м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, на 1 јануари 2023 година во 12:00 часот на Градските гробишта Бутел да положи венец од свежо цвеќе на вечното почивалиште на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Киро Глигоров.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Одделението за протокол, да ја извести владината делегација за деталите за положување цвеќе и да спроведе организациски подготовки за протоколарните делови од настанот, вклучувајќи положување на цвеќе и соодветна опрема за положување цвеќе.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за владината делегација и делегацијата на Сојузот на борци за свеченото положување на цвеќе.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за лицата од Секторот за односи со јавност, Одделението за протокол и за делегацијата од Сојузот на борци.

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи и да обезбеди опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи и црвена стаза).

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Киро Глигоров.

7) Се укажува на Гробишта Бутел-АД Скопје да го уредат просторот околу вечното почивалиште на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Киро Глигоров.

8) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот (покана до медиуми, пакет за испорака до медиуми).

**3.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за стручната и професионалната поддршка, која членовите и учесниците во работата на Оперативната група ја даваат на Комисијата за стратешки инвестиционен проект, да исплаќа еднократен надомест во висина од 50% од просечната нето-плата, исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред исплатата за секоја активна апликација за стратешки инвестиционен проект.

2) Се задолжува претседателот на Комисијата за стратешки инвестиционен проект-заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, листите и податоците за членовите и учесниците во работата на Оперативната група на Комисијата за секој поединечен стратешки инвестиционен проект да ги доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Барањето од ЈУДГ ОЦ Детска градинка „13 Ноември“-Скопје за согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на мебел за детска градинка и даде согласност на истото.

**5.** Владата го разгледа Барањето од ЈОУДГ Детска градинка „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за набавка на возило за нов објект на градинката и даде согласност на истото.

**6.** Владата го разгледа Известувањето од Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија-Параолимписки комитет на Северна Македонија, за освоената титула светски шампион во дисциплината Малокалибарски пиштол-слободен избор 50 метри од параолимпијката Оливера Наковска-Бикова на Светското првенство во стрелаштво параспорт, одржано од 3 до 18 ноември 2022 година во Обединетите Арапски Емирати и заклучи:

1) За постигнатиот успех да им додели парична награда на Оливера Наковска Бикова во износ од 650.000 денари и на нејзиниот личен тренер Бранимир Јовановски во износ од 350.000 денари.

2) Владата ја задолжи Агенцијата за млади и спорт да ги исплати паричните награди.

**7.** Владата го одложи од разгледување Ценовникот за услуги кон универзитетските клиники за наредната седница на Владата, поради потребата материјалот да се разгледа во присуство на министерот за здравство и директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, со соодветен предлог, согласно расправата на седницата на Владата, за надминување на ова прашање.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука-Битола, со цел изнаоѓање соодветно решение за надминување на ова прашање.

**9.** Владата ја разгледа Информацијата за донирање на материјални средства на Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и притоа заклучи АД МЕПСО да ги преземе сите активности за надминување на ова прашање согласно законските прописи.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 15 декември 2022 година до 21 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 15 декември 2022 година до 21 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата го симна од Дневен ред Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика за предлог-програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа), за користење на средства за 2023 година кои произлегуваат од материјалните закони, со оглед дека е надминат со Заклучок од Сто и дванаесеттата седница на Владата, одржана на 20 декември 2022 година.

**13.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусотSARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 декември 2022 година до 21 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до

Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**14.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (Програма С-Унапредување на животната средина-Потпрограма С5-Зелен развој).

**Точка 81**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и ЦИТЕС“, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за враќање на прераспределени капитални расходи кај буџетските корисници од централната власт кои заклучно со 15.11.2022 година оствариле над 70% реализација на капиталните расходи согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, со прегледи за реализација, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрени средства согласно Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија под број 41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за третото тримесечје (од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година), со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата со конкретни мерки и активности за надминување на загубата и подобрување на финансиското работење на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопнисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за финансии-Функции на државата, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за остварување на социјалната заштита за 2023 година, за наредна седница на Владата, која ќе се одржи на 28.12.2022 година, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 91**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 година за наредна седница на Владата која ќе се одржи на 28.12.2022 година, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата од Претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување од адвокатската куќа Орик, Херингтон и Сатклиф(Orrick, Herrington & Sutcliffe) со статус на ad hoc инвестициската арбитражна постапка која се води во Хаг врз основа на Арбитражните правила на УНЦИТРАЛ (UNCITRAL) од 1976 година, во предметот Гокул дас Бинани и Маду Бинани како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна со прилог Писмо со предлог за порамнување од 20.12.2022 година, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Ивестувањето доставено од адвокатската куќа Орик, Херингтон и Сатклиф (Orrick, Herrington & Sutcliffe), во врска со доставениот допис од 20.12.2022 година со Понуда за нагодба/порамнување од страна на должниците Гокул дас Бинани и Маду дас Бинани преку нивниот полномошник адвокатската куќа Филдфишер.

2. Ја прифати доставената Предлог-спогодба за нагодба/порамнување за намирување на долгот на Бинаниеви кон Република Северна Македонија, со следната измена: потпишувањето на спогодбата од страна на правните застапници на Република Северна Македонија во наведениот арбитражен предмет да биде условено со уплата на првата рата од 250.000,00 евра (наместо плаќањето на првата рата да втаса два дена по потпишувањето на Спогодбата како што е понудено од Филдфишер).

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, веднаш да го

достави следното известување до адвокатската куќа Орик,Херингтон и Сатклиф (Orrick, Herrington & Sutcliffe):

-Се овластува адвокатската куќа Орик, Херингтон и Сатклиф (Orrick, Herrington & Sutcliffe) да склучи во име и за сметка на Република Северна Македонија Спогодба за порамнување на долгот со должниците Гоклул дас Бинани и Маду дас Бинани од Индија, според писмото од 20.12.2022 година со понудата порамнување од должниците Гоклул дас Бинани и Маду дас Бинани од Индија до Владата на Република Северна Македонија, поднесено преку нивниот полномошник адвокатската куќа Филдфишер (Fieldfisher) од Лондон, а кое е доставено како прилог на оваа информација, со следната измена : да биде условено потпишувањето на спогодбата со уплата на првата рата од 250.000,00 евра (наместо плаќањето на првата рата да втаса два дена по потпишувањето на Спогодбата како што е понудено од Филдфишер).

4. Се задолжува Министерството за финансии да достави наменска сметка на која ќе се изврши уплатата на средствата од страна на должниците Гоклул дас Бинани и Маду дас Бинани од Индија.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да достави извештај за трошењето на добиените средства од страна на Владата.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал во 2023 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да продолжи со процесот на подготовки за емисија на Еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал со избраните инвестициски банки и правна куќа.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, за реалзација на Проектот за реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 7.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со следниов начин и динамика на плаќање:
- 500.000,00 денари во 2022 година со вклучен ДДВ;
- 6.500.000,00 денари во 2023 година со вклучен ДДВ.

3. Се препорачува на Општина Гостивар да обезбеди одобрение за реконструкција на фудбалско игралиште во Гостивар, с.Чегране.

**Точка 97**

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2023 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за финансии да изврши редакциско усогласување на истата со Секретаријатот за законодавство

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈУ Детски дом „11 Октомври"-Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 100**

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија.

**Точка 101**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2023 година.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика при изградба на пливачки базен во Општина Струмица, Општина Кавадарци и Општина Карпош од „Проектот изградба на 14 пливачки базени" и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за изведба на три пливачки базени од „Проектот изградба на 14 пливачки базени“, во Општина Струмица, Општина Кавадарци и Општина Карпош.

2.За реализација на изведба на четири пливачки базени од „Проектот изградба на 14 пливачки базени“ во Општина Струмица, Општина Кавадарци и Општина Карпош, се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 150.000.000,00 денари со следниов начин и динамика на плаќање:

- 100.000,00 денари во 2022 година;
- 49.900.000,00 денари во 2023 година;
- 100.000.000,00 денари во 2024 година.

**Точка 103**

Владата ги разгледа Инвестиционата програма за 2023 година, Финансискиот план за 2023 година, Програмата за работа за 2023 година и Планот за производство за 2023 година на АД ТЕЦ Неготино-Неготино, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата-програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година, со усогласен текст на Меѓународна спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меѓународната спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата-програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година.

2. Се овластува м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, да ја потпише Меѓународната спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата-програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година (усогласениот текст со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 108**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година (усогласениот текст со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 109**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата „Здравје за сите“ за 2022 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата „Здравје за сите“ за 2022 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 111**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година.

**Точка 112**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 114**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за

периодот јануари 2023-декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија, за наредна седница на Владата, која ќе се одржи на 28.12.2022 година, поради потребата од усогласување со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Предлог-закон за системот на плати во јавниот сектор, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата ги одложи од разгледување Информацијата за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и Информацијата со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта Пхарма-АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата материјалите да се разгледаат во присуство на министерот за здравство и директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, со соодветни предлози, согласно расправата на седницата на Владата, за надминување на овие прашања.

**Точка 117**

Владата ги одложи од разгледување Информацијата за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и Информацијата со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта Пхарма-АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата материјалите да се разгледаат во присуство на министерот за здравство и директорот на Јавната установа од областа на

здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, со соодветни предлози, согласно расправата на седницата на Владата, за надминување на овие прашања.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**